

# ПЛАГИЈАРИЗМОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## - истражувачки извештај -

д-р Кире Бабаноски
м-р Катерина Климоска
м-р Даниел Ѓоќески
Билјана Дуковска

CRPM Center for Research and Policy Making

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ПЛАГИЈАРИЗМОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

- истражувачки извештај -

д-р Кире Бабаноски
м-р Катерина Климоска
м-р Даниел Ѓоќески
Билјана Дуковска

Школа за јавни политики „МАЈКА ТЕРЕЗА"
Центар за истражување и креирање на политики
и Совет на Европа

Center for Research and Policy Making

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Скопје, јули 2017

# - СОДРЖИНА -

Воведни напомени за проблемот на плагијаторството ........................5
Поимот плагијаторство ........................................................................10
Правни основи и мерки за спречување на плагијаторството
во Република Македонија ...................................................................11
Методолошка рамка на истражувањето ................................................18
Временска и просторна рамка на истражувањето ..................................20
Цел на истражувањето.........................................................................21
Приказ на резултатите од анкетата ......................................................22
Приказ на резултатите од интервјуто....................................................38
Приказ на резултатите од истражувачките интервјуа ..........................41
Приказ на резултатите од експериментот..............................................43
Заклучни согледувања.........................................................................47
Препораки.............................................................................................50
Библиографија......................................................................................52
Прилози ................................................................................................55
Авторите ...............................................................................................66

# ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ПЛАГИЈАТОРСТВОТО

Во последниот период, проблемот на плагијаторството и неговото превенирање во високото образование станува сè поактуелен во академската заедница.

Во Германија на интернет се појавија „ловци на плагијати“[1] кои започнаа да им влеваат страв во коски на докторите на науки, при што на неколку заеднички интернет страници тие се во постојана потрага по „грешки при цитирањето“ во одбранетите докторски трудови. Кој точно се крие зад нив - никој не може со сигурност да каже. Повеќето од „ловците“ работат под псевдоними. Еден од нив е и „Доктор Мартин Кликен“, кој се грижи за односи со медиумите. Со нив комуницира исклучиво писмено, нагласувајќи дека не сака да го открие вистинското име, бидејќи сака да изгради кариера во академските кругови. Секој заинтересиран може да се вклучи во мрежата на ловците на плагијати. Резултатите се контролираат од повеќе помагачи, а една од најважните алатки е „Google“, најпознатиот интернет-пребарувач. Сомнителните текстови едноставно се копираат на „Google“ и потоа се гледа дали машината ќе открие совпаѓање со други, веќе претходно објавени текстови и дали нивниот извор е точно наведен во докторската работа. Најголемиот дел од лицата вклучени во процесот доаѓаат од академските кругови - студенти, докторанти, доктори... Со еден збор, академици, кои се гневни на плагијаторите, обвинувајќи ги за обезвреднување на докторската титула. Трудовите

1 Науман, Н., Тосев, Т., Ловците на плагијати открија – и Шацимаркакис препишал докторска!?, 16.05.2011, преземено од http://p.dw.com/p/11HEN [пристапено на 20.02.2017]

на канцеларката Ангела Меркел, поранешниот канцелар Хелмут Кол, поранешната потпретседателка на Европската комисија - Силвана Мерин-Кох, германската министерка за образование - Анете Шаван, шефот на Дојче банк - Јозеф Акерман, како и европратеникот Јоргос Шацимаркакис се предмет на деталната анализа на „ловците". Универзитетот во Бон веднаш почнал постапка за проверка на докторската теза на Шацимаркакис, за која „ловците на плагијати" тврдеа дека е сочинета од 21 процент препишани текстови. На Анете Шаван, германската министерка за образование[2], пак, Универзитетот од Дизелдорф веќе и ја одзел докторската титула, со образложение дека дел од нејзината докторска теза е плагиран.

Постојат и случаи на откриено плагијаторство кај познати политичари, кои морале и да се откажат од нивната јавна функција. Па така, германскиот министер за одбрана Карл Теодор Гутенберг[3] во услови на остри критики дека голем дел од неговата докторска теза е плагијат побарал поништување на неговата докторска титула стекната на Универзитетот во Бејрут. Обвинувањата биле во насока дека препишал одредени делови во неговата докторска теза без соодветно да ги цитира изворите. Триесет и девет годишниот популарен политичар потврдил дека има направено грешки во тезата, но не ги признал обвинувањата за плагијат. Меѓутоа, кратко време по обелоденувањето на скандалот, министерот си дал оставка.

Друг случај е кога под притисок на јавноста, откако Универзитетот во Будимпешта му ја одзел докторската титула поради плагијат, претседателот на Унгарија Пал Шмит[4] поднел оставка. Универзитетот му го поништил докторатот бидејќи по новинското откритие за шеесет и девет годишниот Шмит како плагијатор објавено на порталот hvg.hu, спровел интерна истрага при што било утврдено дека некои поглавја од дисертацијата не ги задоволувале научните и етичките стандарди. Порталот во јануари 2012 година напишал дека неговата дисертација која се однесувала за историјата и еволуцијата на

2 Уште еден германски министер со плагиран докторат, 07.02.2013**, преземено од** http://republika.mk/17263 [пристапено на 20.02.2017]

3 Германскиот министер Гутенберг се откажа од докторската титула, 22.02.2011, преземено од http://www.slobodnaevropa.mk/a/2316797.html [пристапено на 07.11.2016]

4 Оставка на унгарскиот претседател поради фалсификуван докторат, 02.04.2012, преземено од http://dw.com/p/14WTr [пристапено на 09.11.2016]

модерните Олимписки игри е препишана од збор до збор од текст на француски од 1980 година кој го напишал сега починат бугарски спортски стручњак и дипломат, Николај Георгиев.

Романското научно списание „Nature“[5] во 2012 година објавило дека повеќе од половината од докторатот на поранешниот романски премиер Виктор Понта е плагијат од работата на двајца романски професори по право. Неговата дисертација има 432 страници, а напишана е во 2003 година на тема „Меѓународен кривичен суд“. Понта ги отфрлил обвиненијата, оценувајќи ги како политички мотивирани, но сепак признал дека не секогаш ги наведувал цитираните извори во фусноти. Иако не признал директно дека препишал значителен дел од докторската дисертација, сепак на 16.12.2014 година упатил писмо до ректорот на универзитетот во Букурешт, во кое се наведува дека се откажува од титулата доктор на науки и дека требало да се откаже од неа многу порано, кога биле упатени првите обвиненија. Потоа изјавил дека по завршување на политичката кариера ќе брани нова докторска дисертација, што ќе биде во согласност со стандардите и барањата. Неговата докторска титула ја поништил и Националниот совет за потврдување титули, дипломи и универзитетски сертификати на 27.07.2016 година преку поддршка на претходниот заклучок на академскиот одбор дека трудот е плагијат. Американските медиуми наведуваат дека романските политичари често пати се обвинувани дека ги лажирале своите докторски дисертации.

Скандалите со плагијати врзани за високи државни функционери подолго време го тресат и нашето соседство. Некои од нив беа случаите со оспорување на докторските трудови на неколку политичари во Србија, како градоначалникот на Белград, Синиша Мали и министерот на српската полиција Небојша Стефановиќ. Откако биле обелоденети скандалите, матичните факултети на кои биле одбранети докторските трудови формирале независни комисии за оценка на основаноста на покренување постапка за поништување на докторатот. Меѓутоа, и во двата случаи комисиите не нашле основи за покренување постапка за поништување на докторатот.

И во Република Македонија постојат гласини, но и реални случки кога професори, студенти, автори на учебници сè почесто креираат

---

5 Schiermeier, Q., Romanian prime minister accused of plagiarism, 18.06.2012, преземено од http://www.nature.com/news/romanian-prime-minister-accused-of-plagiarism-1.10845 [пристапено на 20.03.2017]

плагијати. Еден случај на откриен плагијат е кога докторската дисертација на професорката Снежана Ставрова Веселиновска[6] ја „присвоил“ нејзиниот некогашен професор Илија Димовски и со неа конкурирал за проект пред Фондот за води, при што докторатот го приложил како завршен извештај. Така, тој заедно со синот се стекнале со грант од сто илјади евра. Кога трудот требало да биде рецензиран, бил доделен на професор кој бил член во комисијата за одбрана на докторатот, кој веднаш алармирал за таквата ситуација. Оштетената професорка поднела кривична пријава за повреда на авторско право, по што се водел судски процес, во кој обвинетиот и неговиот син биле прогласени за виновни и осудени.

На 06.10.2013 година, новинарска екипа на емисијата КОД под авторство на Снежана Лупевска[7], го отвора проблемот за тоа кои се најголемите плагијатори во Македонија. Новинарите на емисијата КОД истакнуваат дека плагијаризмот не е појава што ја среќаваме само кај студентите од прв циклус, туку и кај магистерските и докторските трудови, а не толку ретко и кај професорите и нивните научни трудови. Зошто ниту полицијата, ниту инспекторатот, ниту министерството не постапува по ова прашање?

Новинарите на емисијата направиле и едно истражувачко интервју - се јавиле на еден од телефонските броеви оставени на интернет страниците за огласи, кои нудат пишување на семинарски, дипломски, специјалистички, магистерски, па и докторски трудови со цел да побараат да им напишат магистерски труд. Од другата страна на линијата добиле многу сериозна деловна понуда. За пријавата со скицата за изработка на магистерски труд која се поднесува на почетокот од процесот, огласувачот им побара 4.000 денари, со тоа што гарантираше дека ќе ја изработи по сите стандарди кои се бараат на Правниот факултет во Скопје. Во понатамошното истражување новинарите ја опишуваат постапката за купување на академски труд. После телефонскиот разговор обично огласувачите бараат и средба во живо, а некои од нив бараат и аванс. Скицата ја добиваат за една недела. Во рамките на прилогот беа интервјуирани и студенти кои

6 Како против „препишување“ научни трудови?, 11.07.2011, преземено од http://www.slobodnaevropa.mk/a/24262334.html [пристапено на 07.11.2016]

7 Емисијата е подготвена од Балканската истражувачка репортерска мрежа и КОД. Линк до емисијата: https://www.youtube.com/watch?v=LLxi8ylRhXc

укажаа дека не би побарале некој друг да им напише академски труд или пак да платат за нешто такво.

Од периодот кога емисијата КОД на оваа тема е снимена (2013 година), па сѐ до денес нема промена од страна на надлежните институции во пристапот кон овој девијантен проблем во високото образование. Тука произлегува и друго прашање: доколку појавата на плагијати не претставува проблем во институциите, дали е принципиелно да се санкционираат студентите или оние кои својата заработка ја прават преку пишување академски трудови? Покрај кривично-прекршочното прашање, проблемот со плагијатите во Република Македонија го покренува и прашањето на етиката, моралот и принципиелноста во академската средина.

# ПОИМОТ ПЛАГИЈАТОРСТВО

Етимолошкото потекло на поимот плагијат доаѓа од латинскиот збор ***plagiarius*** (буквален превод ***киднапер***), што означува дека некој краде туѓи работи[8].

Според дигиталниот речник на македонскиот јазик[9], под поимот плагијат се подразбира литературна кражба, присвојување на туѓо авторство.

Плагијаторството се појавува во различни форми: преземање на туѓа идеја и претставување како своја, преземање (идентично или парафразирано) на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање, купување на академски трудови и сл.

Постојат различни причини[10] за примена на плагијаторството: несоодветни критериуми за прием на факултет, недоволно разбирање на плагијаторството, слаби академски вештини, проблеми со наставата/учењето, мрзеливост, гордост при плагијаторство, притисоци, трошоци за образование и сл.

---

8 Valpy, Francis Edward Jackson (2005) ***Etymological Dictionary of the Latin Language***, London: Adamant Media Corporation. p. 345

9 http://www.makedonski.info

10 Devlin, M., Gray, K. (2007) In their own words: A qualitative study of the reasons Australian university student plagiarize. ***Higher Education Research and Development*** 26(2), pp. 181-198

# ПРАВНИ ОСНОВИ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЛАГИЈАТОРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 09.03.2012 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија го промовираше софтверот за анализа и пронаоѓање на плагијати во научните трудови[11], кој беше пуштен во функција, така што во првите два месеци да работи како тест-систем. Со измените и дополнувањата во постојниот Закон за научно-истражувачката дејност[12], се воведе и законска обврска за проверка на плагијаризмот. Беше предвидено овој систем да им помогне на членовите на академската заедница. Тој има специјални статистички методи и алгоритми со кои го пребарува текстот и ја одредува неговата оригиналност. Препознава текстови од ист јазик (од македонски на македонски, од албански на албански, од англиски на англиски јазик...).

Системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови на Министерството за образование и наука, како што е наведено на неговата официјална интернет страница[13] овозможува лесно и ефикасно откривање на трудови што претставуваат плагијати на веќе објавени, оценувани или презентирани трудови. Целта на системот е да овозможи едноставен и интуитивен интерфејс за поставување на трудови. Студентите и истражувачите/научниците можат лесно да ги

11 МОН промовираше систем за откривање плагијати, 09.03.2012, преземено од http://vlada.mk/node/2181 [пристапено на 07.11.2016]

12 „Службен весник на Република Македонија" бр. 80/2012

13 http://www.plagijati.mon.gov.mk

поставуваат своите домашни, семинарски, дипломски, магистерски, докторски и останати типови на научни и стручни трудови. Притоа, овозможен е механизам за споредба на поставените трудови со постоечки трудови и проверка на нивната оригиналност, односно, дали дел од содржините се веќе објавени и претставуваат копија од некои други содржини.

Надлежните лица од Министерството за образование и наука укажуваат дека системот за проверка на плагијати е алатка која помага во откривање на плагијаторството од огромна база на трудови која ја поседува овој систем, но не може со 100 % сигурност да се утврди дали некој документ е плагијат или не. Тоа е одлука на менторите.

По три и пол години од воведувањето на софтверот за откривање плагијати во семинарски, специјалистички, магистерски и докторски трудови, во напис на дневен весник[14] беа презентирани резултати од генерираните извештаи за внесените трудови. Па така, од вкупно 19.091 внесени документи, кај 101 труд има над 30 % повторување на содржината (според надлежните оваа бројка е доволна за сомнеж дека станува збор за „украден“ материјал). Во 74 од трудовите дури половина од материјалот бил „позајмен“ од други автори, а кај 218 документи се констатира целосно повторување, за што од Министерството за образование посочиле дека всушност се работи за материјали кои се по двапати внесени во системот за проверка.

Бидејќи согласно Законот за научно-истражувачка дејност, секој професор е обврзан во софтверот да ги внесе трудовите на своите студенти кои одат на проверка за плагијаторство, професорите, практично, го имаат последниот збор. Откако ќе се добие резултатот од проверките, менторот треба да одлучи дали станува збор за плагијат или не и какви мерки ќе се преземат понатаму. Во случај менторот да не го пријави трудот, должен е во досието на студентот да го вметне овој извештај, па ако процентот на плагијаторство е висок, да објасни зошто не го пријавил.

Професорот по управно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Борче Давитковски

14 Котевски, Н., Компјутерот открива плагијати, институциите молчат, 01.11.2015, преземено од http://www.utrinski.mk/?ItemID=2F5BF8BAE26031498FA56C8B98B62DC5 [пристапено на 15.03.2017]

во интервју за дневен весник[15] истакна дека кај дел од студентите на овој факултет се јавува повторување од само 3-4 % бидејќи тие користат слична литература. Според него, доколку системот препознае над 30 % повторување, треба да се „вклучи алармот“.

До април 2017 година[16], базата на овој систем располага со 218 книги, 450 научни трудови, 6.763 семинарски работи, 1.965 дипломски трудови, 14.510 магистерски трудови, 1.878 докторски трудови и 1.261 други трудови. На системот има регистрирано 8.954 корисници, а вкупната бројка на генерирани извештаи изнесува 14.312. Бројката на идентификувани плагијати процентуално изнесува: 0,00% - 2.254, 10,00% - 591, 20,00% - 110, 30,00% - 36, 40,00% - 20, 50,00% - 17, 60,00% - 15, 70,00% - 8, 80,00% - 15, 90,00% - 32, 100,00% - 224.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како најстар и најразвиен универзитет во земјава, има донесено Етички кодекс[17] во кој се објаснети етичките вредности и норми. Во четвртиот дел, кој се однесува на етичките вредности во односите на Универзитетот е наведено дека посебни напори се вложуваат против нелегалното и неморалното користење на туѓи достигања (плагијат), а во петтиот дел кој се однесува на етиката во науката и во високото образование, се потенцира дека во науката се следат етичките норми на развивање на научните сознанија; на почитување на статусот на истражувачкиот предмет и област; на автентичност и оригиналност на сознанијата, на поврзување во истражувањето со другите истражувачки и научни институции во земјата и во светот, на достапност на сознанијата за сите заинтересирани, пред сѐ за научната јавност.

МИТ Универзитетот – Скопје, пак, во член 328 од Статутот[18], како една од неколкуте наведени тешки дисциплински повреди го смета недозволеното носење опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони, од

---

15 ibid

16 Податоците се наведени според добиениот одговор (арх. бр. 03-3816/2 од 10.04.2017 година) на Барањето за пристап до информации од јавен карактер кое истражувачкиот тим го упати до Министерството за образование и наука (арх. бр. 03-3816/1 од 21.03.2017 година).

17 Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, преземено од https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=134&glavno=32 [пристапено на 09.11.2016]

18 Статут на МИТ Универзитет – Скопје (пречистен текст), Скопје, 16.06.2015, преземено од http://mit.edu.mk/mk/Home/Statute [пристапено на 09.11.2016]

страна на студентите, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава, како и плагијаторство во форма на пренесување туѓ семинарски труд или академски есеј во свое име.

Според член 54 од Законот за научно-истражувачката дејност[19], за следење на научно-истражувачката дејност во Република Македонија, Министерството за образование и наука обезбедува услови за формирање и обезбедување на бази на податоци, меѓу кои се:

- бази на податоци за научно-истражувачките установи,
- бази на податоци за научните истражувачи,
- база за докторски трудови,
- база за проверка на плагијати на магистерски трудови, специјалистички стручни трудови и семинарски работи,
- база на податоци за истражувачи во земјата и странство (наука.мк).
- бази на податоци за научно-истражувачките програми и проекти (домашни и меѓународни) и
- бази на податоци за библиографиите на научните истражувачи.

Базите на податоци се формираат и одржуваат во рамките на националниот информационен систем за научно-истражувачката дејност и националниот библиотечно-информационен систем, освен базите од алинеите 3, 4 и 5 кои се формираат и одржуваат во Министерството за образование и наука.

Докторскиот труд задолжително го внесува во базата за докторски трудови менторот на докторскиот труд, најмалку 30 дена пред одбраната на докторскиот труд.

Магистерскиот труд, односно специјалистичкиот стручен труд задолжително го внесува во базата за проверка на плагијати менторот на магистерскиот, односно специјалистичкиот стручен труд, најмалку 30 дена пред одбраната на магистерскиот, односно специјалистичкиот стручен труд.

Семинарската работа на студентот задолжително ја внесува во базата за проверка на плагијати наставникот по соодветниот наставен предмет, најмалку десет дена пред оценувањето на семинарската работа.

---

19 „Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 53/2016

Законот за авторското право и сродните права[20] меѓудругото го уредува правото на авторите над своите авторски дела, како и остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права и важењето на законот.

Поимот на авторското дело е даден во член 12 и претставува интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма. За авторско дело се смета особено:

1. пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
2. компјутерска програма, како пишано дело;
3. говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);
4. музичко дело, со или без текст;
5. драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело;
6. фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;
7. аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);
8. дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);
9. дела од архитектурата;
10. дела од применетата уметност и дизајнот и
11. картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.

Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со овој закон.

Составниот дел на авторското дело, како и насловот на делото, доколку само по себе претставува интелектуална и индивидуална

20 Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010, 140/2010, 51/2011, 147/2013, 154/2015, 27/2016)

творба, се смета како посебно авторско дело, според член 13, при што не е дозволено како наслов на авторско дело да се користи таков наслов што веќе бил употребен за дело од ист вид, доколку таквиот наслов би создал забуна или би довел до создавање забуна во однос на авторското дело и авторот.

Според член 17, автор, во смисла на овој закон, е физичко лице кое го создало авторското дело и на авторот му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото.

Авторското право на дело создадено во соработка на две или повеќе лица, им припаѓа на сите тие лица (коавтори), како што укажува член 19.

Видовите заштита на авторското право и сродните права и примена на други прописи се определени со член 159 од законот. Па така, авторското право и сродните права уживаат кривична, граѓанска и прекршочна заштита.

Кривичната заштита на авторското право и сродните права се остварува според одредбите на Кривичниот законик и прописите за кривична постапка.

Граѓанската заштита на авторското право и сродните права се остварува според прописите за парничната постапка, за обезбедување побарувања, за облигационите односи и овој закон.

Прекршочната заштита на авторското право и сродните права се остварува според прописите за прекршоци и овој закон.

Во однос на кривично-правната заштита, во рамките на Кривичниот законик на Република Македонија[21] во главата со наслов Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, е нормирано кривично дело Повреда на авторско право и сродни права во член 157. Притоа, за секој што во свое име или во име на друг неовластено ќе објави, прикаже, репродуцира, дистрибуира, изведе, емитува или на друг начин неовластено ќе посегне по туѓо авторско право иди сродно право, односно авторско дело, изведба или предмет на сродно право, се предвидува парична казна или затвор до

21 Кривичен законик на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 04/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 07/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011 – две измени и дополнувања, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013 и Одлуки на УСРМ бр. 220/2000, 210/2001, 206/2003, 228/2005

една година. Доколку лицето прибавило поголема имотна корист[22], тогаш ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Доколку пак, лицето прибавило значителна имотна корист[23], тогаш ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Карактеристично е што обидот[24] за ова дело е казнив. Примероците на авторските дела и предметите на сродните права, како и средствата за репродуцирање, во текот на кривичната постапка се одземаат. Ако ова дело го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Според достапните официјални податоци[25] за ова кривично дело во 2013 година било осудено само едно лице при што му била изречена парична казна, во 2014 година биле осудени вкупно шест лица, од кои на едно му била изречена казна затвор, на четири им била изречена парична казна, а на едно лице му била изречена условна осуда – затвор, а во 2015 година иле осудени вкупно девет лица, при што на едно лице му била изречена казна затвор, на три лица им била изречена парична казна, а на пет лица им била изречена условна осуда – затвор.

22 чл. 122, ст. 26, Кривичен законик на Република Македонија..., Под поголема имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на пет просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

23 чл. 122, ст. 27, Кривичен законик на Република Македонија..., Под значителна имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 50 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

24 чл. 19, Кривичен законик на Република Македонија..., Тој што со умисла ќе започне извршување на кривично дело, но нема да го доврши, ќе се казни за обид на кривично дело за кое според закон може да се изрече затвор од пет години или потешка казна, а за обид на друго кривично дело само кога законот изречно пропишува казнување и за обид. Сторителот ќе се казни за обид во границите на казната пропишана за кривичното дело, а може да се казни и поблаго.

25 Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2013...2015, Скопје, јули 2014...2016

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во рамките на истражувањето, во насока на исполнување на поставената генерална и научна цел беа користени следните научни методи:

- on-line анкета со студенти

Анкетата се спроведе on-line со студенти од прв, втор и трет циклус на студии, но и лица кои го завршиле своето формално образование. Главната цел на оваа анкета е да се разберат вредностите и ставовите кои водат до употреба на плагијаторство од страна на студентите. Поконкретно, целта е добивање податоци за познавањето на проблемот со плагијаризмот од страна на студентите, дали и колку ги познаваат етичките стандарди при пишувањето на нивните писмени задачи, дали направиле плагијат досега, колку често се користат со плагијаторство, кои се причините поради кои го користеле, кој вид на плагијаторство сметаат дека е најзастапен, дали тие или нивните колеги ги купуваат писмените активности кои им се потребни во текот на студирањето и сл. Прашањата во анкетата го прикажуваат генералното мислење на студентите за плагијаторството и плагијаторите. Некои од прашањата беа преземени, прилагодени и развиени од претходни реализирани истражувања[26].

- полу-структурирани интервјуа со професори и лица одговорни за проверка на плагијати

Преку овие интервјуа се обезбедија сознанија за начинот и постапката за проверка на плагијати од страна на наставниот и

26 Devlin, M., Gray, K. (2007) In their own words: A qualitative study of the reasons Australian university student plagiarize. ***Higher Education Research and Development*** 26(2), pp. 181-198

соработничкиот кадар на универзитетите, дали се соочиле со откриени случаи на плагијат, како се справиле со таквите ситуации и дали произлегле некои проблеми.

- истражувачки (телефонски) интервјуа со лица кои нудат услуги за пишување на трудови

Контакт информациите за овие лица беа пронајдени преку рекламните страни и нивните профили на социјалните мрежи. Притоа, во текот на интервјуто, членовите на истражувачкиот тим се обидоа да извлечат информации за начинот на функционирање на давањето ваков вид на услуги, кој е временскиот рок за изработка на различни видови на трудови, цената за таквата услуга, дали трудовите ги изработува поединец или тим на лица, колку тие лица ја познаваат областа во која го пишуваат трудот и сл.

- експеримент – тестирање на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови на Министерството за образование и наука

Во рамките на ова истражување беше реализиран експеримент со намера да се тестира софтверскиот систем за детекција на плагијаризмот. Притоа, во системот беше предвидено да се внесат шест категории на различни документи заради нивна проверка, и тоа:

1. документ со текст на македонски јазик кој е идентично преземен од некој универзитетски учебник на македонски јазик од Република Македонија,
2. документ со текст на македонски јазик кој е идентично преземен од некој труд на македонски јазик од научно списание од Република Македонија,
3. документ со текст на англиски јазик кој е идентично преземен од некој странски универзитетски учебник на англиски јазик,
4. документ со текст на англиски јазик кој е идентично преземен од некој труд на англиски јазик од странско научно списание,
5. документ со текст на албански јазик кој е идентично преземен од некој универзитетски учебник на албански јазик,
6. документ со текст на албански јазик кој е идентично преземен од некој труд на албански јазик од научно списание.

# ВРЕМЕНСКА И ПРОСТОРНА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето ќе биде спроведено во периодот од јануари до април 2017 година на универзитетите од Република Македонија. Притоа, ќе се води грижа да се опфатат што е можно поголем број на универзитети без разлика на нивната сопственичка структура – државен или приватен универзитет. Периодот април-јуни е предвиден за обработка, интерпретација и анализа на резултатите добиени со истражувањето, пишувањето извештај и креирањето на предлози, алтернативи и решенија за справување со проблемот.

# ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Генералната цел на овој труд е да се даде научно-теоретски приказ и дескрипција на поимот плагијаризам и начинот на негово откривање и анализа. На тој начин ќе се придонесе за негово подобро и полесно разбирање, со цел спречување на неговото постоење во рамките на високо образовниот процес во нашата држава.

Практичната цел на овој труд е да се истражат различни аспекти во процесот на негово откривање на високо образовните институции: функционирањето на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, начинот на откривање на плагијати од страна на наставниот и соработничкиот кадар на универзитетите, степенот на познавање на овој проблем од страна на студентите и колку го применуваат во текот на нивното студирање, бизнисот со давање на услуги за пишување трудови за други лица итн.

Крајна цел е да се надминат детектираните недостатоци на системот и да се предложат мерки за поефективно справување со проблемот на плагијаторство во високото образование.

Токму затоа и содржината на истражувачките методи кои ќе бидат применети за доаѓање до нови сознанија во овој труд ќе бидат насочи кон обезбедување на валидни и веродостојни одговори на претходно наведените прашања.

# ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТАТА

Во спроведувањето на online анкетата опфатени беа 319 испитаници.

Како што може да се констатира од Графиконот бр. 1, половата структура на примерокот изгледа вака: 58,6% се испитаници од женски пол, а 41,4% се испитаници од машки пол.




По возраст, според Графиконот бр. 2, најголем број од анкетираните испитаници, и тоа, повеќе од половината (55,2%) имаат 25 или повеќе години, а остатокот отпаѓа на испитаниците од 18 до 24 годишна возраст.




Степенот на образование на кој студираат испитаниците може да се утврди според Графиконот бр. 3. Притоа, 38,2% се студенти од прв циклус студии, 14,7% се на втор циклус, а 7,6% се студенти на трет циклус студии. На анкетата одговори дале и 39,5% испитаници кои во моментот не студираат, бидејќи веќе го завршиле своето образование.




Во примерокот беа опфатени 169 испитаници од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 103 испитаници од Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, 32 испитаници од МИТ Универзитет – Скопје, 14 испитаници од ФОН Универзитет – Скопје, 11 испитаници од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, 4 испитаници од Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово, по 2 испитаници од Универзитетот Американ Колеџ – Скопје и Универзитетот за туризам и менаџмент - Скопје, по 1 испитаник од Државниот Тетовски Универзитет, Високата

школа за новинарство и односи со јавност и Меѓународниот Славјански Универзитет – Св. Николе, како и 9 испитаници кои нивното образование го завршиле на некои други универзитети.

Според Графиконот бр. 5, најголемиот број од нив (249 испитаници или 78,1%) студираат или студирале по Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), а помал број (56 испитаници или 17,6%) не студирале по овој систем. Интересно е тоа што постои мал број од нив (14 испитаници или 4,3%) кои не знаат дали воопшто студирале или моментално студираат по ЕКТС.




Што се однесува до главниот предмет на интерес на истражувањето, а тоа е плагијаризмот во високото образование, најпрво испитаниците одговараа на прашањето дали знаат што претставува плагијаризмот. Како што може да се констатира од Графиконот бр. 6, најголем број од нив (75,5%) одговориле позитивно, помал број (15%) одговориле дека делумно знаат, а постојат и испитаници (9,4%) кои одговориле негативно, односно дека не знаат што е плагијаризам. Оние испитаници кои одговориле потврдно, беа замолени описно да наведат што е плагијаризмот, при што 204 испитаници се обиделе да дадат сопствена дефиниција за оваа појава. Главно, сите од нив дале приближно точни одговори кои може да се сумираат како: „користење на туѓи трудови, анализи, мисли без соодветно и јасно посочување на изворот и авторот“, „копирање на текстови или нивни делови“, „преземање или копирање на текст од друг автор, без наведување на изворот, претставувајќи го како свој“, „повреда на авторско право“, „академска кражба на авторски текст, труд, истражување“, „прикажување на нечии идеи, мисли, дела и сл. како свои“, „незаконско преземање на

содржини од други трудови (препишување)" и сл. Притоа, интересно е што при анализата на наведените дефиниции од испитаниците се наиде на неколку од нив кои директно и идентично се преземени од интернет, најверојатно во моментот додека ја пополнувале анкетата.




Во контекст на ова прашање, испитаниците беа запрашани и дали ги познаваат етичките стандарди при пишување на нивните писмени задачи. Притоа, според податоците од Графиконот бр. 8, најголем дел од нив (196 испитаници или 61,4%) дале потврден одговор, друг дел (100 испитаници или 31,3%) укажале дека делумно ги познаваат, а мал дел (23 испитаници или 7,2%) воопшто не ги познаваат ваквите стандарди.



Следствено на овие прашања, испитаниците беа запрашани и дали по некој предмет во текот на нивното студирање учеле за плагијаризмот и етичките стандарди при пишувањето на писмените задачи. Податоците од Графиконот бр. 9 даваат изненадувачки факт дека најголемиот број од испитаниците (71,8%) одговориле негативно, многу помал број од нив (17,6%) се изјасниле потврдно, односно дека за оваа појава учеле по некој од предметите во текот на студирањето, а постои и одреден број на испитаници (10,7%) кои не знаат воопшто дали учеле за оваа појава. Испитаниците кои дале позитивен одговор беа замолени да ги наведат предметите по кои учеле за плагијаризмот и етичките стандарди при пишувањето на писмените задачи. Станува збор за предмети како што се етика, методологија, научно-истражувачка работа, академско пишување, авторско право и сл. но и стручни предмети во зависност од факултетот на кој студира(л) испитаникот, а во рамките на кои се барале писмени задачи од страна на предметниот наставник, па токму тој ги информирал да внимаваат на ваквите аспекти.




Во рамките на online анкетата, испитаниците беа замолени да оценат 11 ставови во врска со различни аспекти на плагијаризмот и етичките стандарди. Оценките кои имаа можност да ги дадат се движеа од 1 – не се согласувам, 2 – делумно се согласувам, 3 – се согласувам и 4 – не знам.

Првиот зададен став беше „Свесен/на сум дека цитирањето е неопходно во моите писмени задачи". Според Графиконот бр. 10.1, повеќе од половината од испитаниците (179 или 56,1%) се согласуваат со овој став.




Како што се согледува од Графиконот бр. 10.2, огромен број од испитаниците (225 или 70,5%) се согласуваат со ставот „Мислам дека универзитетите мора да преземат мерки против плагијаризмот“.




Според Графиконот бр. 10.3 се констатира дека и со ставот „Никогаш нема да побарам или да платам некој да ми напише труд (писмена задача) за мене“ се согласуваат огромен број од испитаниците (262 или 82,1%).




Графиконот бр. 10.4 ни посочува дека повеќе од половината од испитаниците (175 или 54,9%) се согласуваат со четвртиот став „Јас можам успешно да го избегнам плагијаризмот", а останатите се поделени помеѓу делумна согласност и немањето мислење.




По однос на петтиот став „Јас знам како да не направам плагијат", повеќе од половината од испитаниците (184 или 57,7%) искажале согласност, а останатите се определиле за пониските оценки, како што може да се согледа од Графиконот бр. 10.5.




Графиконот бр. 10.6 во однос на ставот „Никогаш досега не сум се користел со плагијаризам при пишувањето на моите писмени задачи“ укажува на слична состојба. Повеќе од половината од испитаниците (188 или 58,9%) се согласуваат со овој став, а останатите се определиле за пониските оценки.




Како што се забележува од Графиконот бр. 10.7, кај ставот „Понекогаш ми е тешко да ги пронајдам вистинските зборови за да ги парафразирам туѓите идеи“, оценките на испитаниците се различни и поделени, што упатува на поделеноста во мислењата, затоа што

на некои им е лесно, на други тешко да ги пронајдат вистинските зборови со цел да ги прераскажат туѓите идеи. Овие резултати се во контрадикција со претходните добиени резултати, а веројатно се поточно бидејќи го операционализираат плагијаторството.




Од Графиконот бр. 10.8, во однос на ставот „Лесно е да се избегне плагијаризмот“, може да се забележи дека оценките на испитаниците се различни и поделени. Инаку, овој став, семантички, е во корелација со претходниот, бидејќи нивното значење е слично. И тука постои неодлучноста на испитаниците да се определат во однос на тешкотијата или леснотијата при избегнувањето на плагијаризмот.



И кај резултатите за деветтиот став „На некои професори/асистенти не им е важно дали се користам со плагијаризам или не" прикажани на Графиконот бр. 10.9, се забележува дека оценките на испитаниците се различни и поделени, но во основа се согласни. И кај овој став забележлива е поделеност на мислењата, веројатно во зависност од искуствата кои ги имале со различни професори и/или асистенти во однос на (не)примената на плагијаризмот.




Оценките на испитаниците се скоро подеднакво распределени и кај резултатите за десеттиот став „Имам копирано реченици од интернет во моите писмени задачи". Како што може да се констатира од Графиконот бр. 10.10, карактеристично е што 78 испитаници или 24,5% одговориле позитивно, а 67 испитаници или 21% одговориле негативно.



Според резултатите прикажани на Графиконот бр. 10.11 огромен број од испитаниците одговориле дека не се согласуваат со констатацијата „Плагијаризмот е во ред да се користи доколку не те откријат“.




Испитаниците беа запрашани и дали досега направиле плагијат. Како што се согледува од Графиконот бр. 11, најголемиот број од нив, повеќе од половината (или 63,3%) одговориле негативно, а останатите дале потврден одговор во три варијанти, според зачестеноста на оваа појава (понекогаш, често или постојано).




Потоа, испитаниците беа запрашани кој вид на плагијаторство сметаат дека е најзастапен. Според прикажаните резултати на

Графиконот бр. 12, нивните одговори се поделени, при што на прво место е одговорот: преземање (копирање) на реченици/пасуси, напишани од други автори без нивно цитирање; на второ место е одговорот: купување на академски трудови; на трето место е одговорот: парафразирање на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање; и на четврто место е одговорот: преземање на туѓа идеја и претставување како своја.




На испитаниците им беа понудени и неколку опции на вршење плагијаризам со цел да потврдат што од тоа тие направиле. Притоа, од сите 319 испитаници на ова прашање одговориле 209 од нив. Повеќе од половината од испитаниците кои одговориле (129 испитаници или 53,3%) парафразирале реченици/пасуси напишани од други автори без да го цитираат изворот, потоа 96 испитаници или 39,7% признале дека преземале (копирале) реченици/пасуси напишани од други автори без да го цитираат изворот, 12 испитаници (или 5%) преземале туѓа идеја и ја претставиле како своја, а 10 испитаници или (4,1%) купиле академски трудови.

Понатаму, испитаниците беа запрашани за најчестите причини за практикување на плагијаторството меѓу студентите, со можност да укажат на трите најзастапени причини. Па така, најчесто студентите го користат плагијаторството заради мрзеливост (68%), слаби академски вештини (63%) и под изговор дека сите тоа го прават (49,5%). Останатите причини се помалку застапени, што не значи дека се незначајни. Следна причина е недоволното разбирање на плагијаторството (34,5%), несоодветни критериуми за прием на факултет (22,9%),

проблеми со наставата/учењето (18,8%), немање доволно време за пишување на студентските задачи (18,8%), непостоење на друг начин како да се заврши студентската задача (14,7%), трошоци за образование (6,6,%), притисоци (4,4,%), гордост при плагијаторство (3,1%) и други причини (2,2%).

Во рамките на анкетата, неминовно беше испитаниците да се запрашаат дали купиле труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој им бил потребен во текот на студирањето. Графиконот бр. 15 укажува дека најголемиот број од нив (297 испитаници или 93,1%) одговориле негативно, а останатите (22 испитаници или 6,9%) дале потврден одговор. Понатаму, испитаниците со позитивен одговор беа замолени да ги посочат причините поради кои го направиле тоа. Главната причина е немањето доволно време за пишување на студентските задачи, притискање на роковите, мрзеливост, распространетост, негрижа на академскиот кадар дали писмената задача е плагијат или не, нечувствување на страв доколку го направат тоа, немање на друг начин или незнаење како да се напише писмената задача и проблеми со наставата/учењето.




Во врска со ова прашање, испитаниците беа запрашани и дали познаваат некој пријател кој купил труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој му бил потребен во текот на студирањето. Како што се констатира од Графиконот бр. 17, интересен е фактот што голем број од нив (254 испитаници или 79,6%) одговориле потврдно, а мал број од нив (65 испитаници или 20,4%) не познаваат таков пријател.




Испитаниците беа запрашани и дали планираат во иднина да купат труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој ќе им биде потребен во текот на студирањето. Графиконот бр. 18 ни посочува дека најголем број од нив (275 испитаници или 86,2%) одговориле негативно, извесен број (31 испитаник или 9,7%) не знаат, а мал број (13 испитаници или 4,1%) се изјасниле потврдно, дека ќе купат таков труд во иднина.




Електронскиот систем за проверка на плагијати создаден од Министерството за образование и наука беше предмет на едно од прашањата во анкетата. Испитаниците беа запрашани дали знаат за постоењето на овој систем, при што според резултатите прикажани во Графиконот бр. 19, најголемиот број од нив (247 испитаници или 77,4%) се изјасниле потврдно, а останатите (72 испитаници или 22,6%) не знаат дека постои ваков систем.




Од друга страна, испитаниците беа запрашани и дали знаат дека на нивниот факултет/универзитет постои правилник со предвидени санкции во случај на користење на плагијаторство. Притоа, според прикажаните резултати на Графиконот бр. 20, најголемиот дел од нив (204 испитаници или 63,9%) се запознати, а помал, но сепак значаен дел (115 испитаници или 36,1%) не се запознати дека постои некој правен акт со кој се регулира оваа област.




Последното прашање во анкетата се однесуваше на тоа дали испитаниците знаат дека нивен труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа, специјалистички труд, магистерски труд, докторски

труд,...) подлежел на проверка за плагијаторство. Резултатите прикажани на Графиконот бр. 21 укажуваат дека најголем број од испитаниците (137 или 42,9%) одговориле потврдно, а приближен број (128 или 40,1%) укажале дека не знаат, односно не се информирани за тоа. Помал број испитаници (54 или 16,9%) одговориле негативно на ова прашање.



# ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНТЕРВЈУТО

Во рамките на истражувањето беа спроведени полу-структурирани интервјуа со професори и лица одговорни за проверка на плагијати, со цел да се добијат сознанија за начинот и постапката за проверка на плагијати од страна на наставниот и соработничкиот кадар на универзитетите, дали се соочиле со откриени случаи на плагијат, како се справиле со таквите ситуации и дали произлегле некои проблеми. Притоа, беа опфатени единаесет испитаници: четири од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, три од МИТ Универзитет – Скопје, два од Прв приватен ФОН универзитет и по еден од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Интервјуто започна со барање до испитаниците да дадат оценка за почитувањето на етичките стандарди при пишувањето на писмените задачи од страна на студентите. Генералната перцепција на сите испитаниците е дека етичките стандарди недоволно се почитуваат и не постои доволна свест и заинтересираност за нив, односно нивното познавање од страна на студентите е на многу ниско ниво. Притоа, мошне мал број студенти ги почитуваат етичките стандарди при пишувањето на разни трудови, заради што се добива впечаток дека повеќе се работи за прагматична обврска кон факултетските обврски отколку за реален и со напори изготвен труд. Испитаниците забележуваат дека кај студентите од прв циклус студии почесто се забележуваат преземени содржини кои не се соодветно референцирани, додека пак студентите од втор и трет циклус студии се

подисциплинирани и стандардите за референцирање се почитуваат. Сепак, според нив, и во изработката на магистерски и докторски трудови може да се сретнат и материјали кои се преземени на начин кој не се дозволува етички. Како главен фактор, притоа, го наведуваат правилното менторирање на студентите во однос на пишувањето на писмените задачи и директно укажување на значењето на етичките стандарди.

Според испитаниците, студентите на универзитетот доаѓаат со мало или никакво ниво на теоретско или техничко познавање од областа на референцирање и пишување на писмени задачи. На додипломски студии немаат и не добиваат скоро никакво знаење, освен на некои од високообразовните институции каде се изучуваат предмети во кои се опфаќаат етичките стандарди при истражувања и пишување на писмени задачи, како што се предметите Академска писменост, Методологија и сл. Знаењето за оваа област студентите го стекнуваат главно на последипломски студии, каде повеќе се обрнува внимание за теоретското и техничкото познавање од областа на референцирањето и пишувањето на писмени задачи, со оглед на обврската за пишување на магистерски труд.

Покрај фактот што голем број од високообразовните институции не овозможуваат студентите да се стекнат со потребните знаења од оваа област уште на почетокот од нивното студирање преку организиран пристап за обучување на студентите и подигање на нивната свест за плагијаторството, како проблем тука, испитаниците го наведуваат и спуштањето на критериумите од страна на академскиот кадар при оценувањето на писмените задачи на студентите. Нелојалната конкуренција во високото образование сериозно ги ослабува политиките на доследност и ригорозност кога станува збор за истражувачки и етички стандарди. Многу често, факултетите свесно ги спуштаат стандардите поради заканата од сериозен губиток на студенти.

Како најголем предизвик за намалување на плагијаризмот во високото образование според испитаниците е посветеноста на наставниот кадар, како и недоволната примена на санкции за препознаен плагијат. Исто така, голем проблем е и студентската култура, затоа што студентите не гледаат никаков проблем да препишат од некој друг автор или да направат друг вид на плагијаризам. Тоа им се чини

сосема нормално. Од друга страна потребно е да се гарантираат и заштитат авторските права.

Повеќето од испитаниците во текот на нивната работа откриле случаи на плагијаризам, при што му укажале на студентот за пропустот, ја објасниле етичката, но и техничката димензија на неговата постапка и го вратиле трудот на натамошна доработка со конкретни забелешки и насоки. Во одредени случаи, по слободна оценка на професорот, студентот бил казнет со неположен испит и забрана за полагање во наредната сесија.

Во однос на ова, поголем број од испитаниците немаат информации за начинот и временскиот период во кој постапила нивната институција при откриен плагијат, ниту пак имаат информации дали на нивната институција е пријавен воопшто случај на плагијаризам. Поради чувствителноста на проблемот, постои академска солидарност и настојување да не се појавуваат афери кои ќе го намалат угледот на факултетот или универзитетот или, пак, да се казнат студентите.

Испитаниците сметаат дека иако начелно се доволни предвидените казнени мерки, сепак, тие не се доволно и соодветно применливи. Главната причина е што се работи за масовна појава. Од друга страна живееме во општество со деградирани вредности, криза на науката, идентитетот, транзиција која премногу долго трае. Сето тоа ја девалоризира науката и ги стимулира разните видови на плагијаризам. Притоа, еден од испитаниците укажувајќи дека доколку државата реши сериозно да му се посвети на овој проблем, предложи формирање, екипирање и овластување на соодветно тело, агенција и слично. На телото треба да му се овозможи голема независност, но и да се осмислат механизми за заштита од негова злоупотреба.

Испитаниците кои биле ментори на магистерски или докторски трудови се свесни за обврската утврдена со закон, со подзаконски акти, како и со внатрешните акти на Универзитетот, па секогаш ги внесуваат трудовите во базата на системот за проверка на плагијати. Меѓутоа, според тврдењето на еден од испитаниците, базата не е секогаш достапна, па во определени случаи било невозможно да се внесат трудовите поради нефункционалност на серверот.

# ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ИНТЕРВЈУА

Во рамките на истражувањето беа спроведени и истражувачки (телефонски) интервјуа со лица кои нудат услуги за пишување на трудови. Контакт информациите за овие лица беа пронајдени преку рекламните страни и нивните профили на социјалните мрежи. Овој вид на интервју беше реализирано со пет лица на кои им беше побарана различна услуга – изработка на дипломска работа, специјалистички труд и магистерски труд и тоа од различни области: право, дипломатија, меѓународни односи, економија и земјоделски науки. Членовите на истражувачкиот тим се обидоа да извлечат информации за начинот на функционирање на давањето ваков вид на услуги, кој е временскиот рок за изработка на различни видови на трудови, цената за таквата услуга, дали трудовите ги изработува поединец или тим на лица, колку тие лица ја познаваат областа во која го пишуваат трудот и сл.

Притоа, начинот на функционирање скоро кај сите беше идентичен: ја побараа темата на трудот, потесната област, факултетот каде што се поднесува, при што важно им беше и дали е државен или приватен, менторот и членовите на комисијата. Некои од нив побараа и посебно упатство или препораки за изработка на трудот, со оглед на тоа што на некои факултети такво нешто постои, како и посебни насоки од страна на менторот, доколку тој имал веќе дадено. Временскиот период на изработката на трудот варираше кај сите различно, со оглед на тоа што станува збор за различен вид на труд и различна област. За дипломските и специјалистичките трудови

временскиот период за изработка се движеше од десет дена до еден месец, а за побараните магистерски трудови од областа на правото и меѓународните односи временскиот период беше еден и два месеци соодветно. Очекувано, и побараните цени беа различни, па се движеа од три до шест илјади за дипломски труд, шест илјади за специјалистичкиот труд и од шест до десет илјади денари за магистерските трудови, со тоа што некои од нив укажаа дека конечната цена ќе се формира во текот на следните фази од изработката. За магистерските трудови побараа и дополнителни три до четири илјади денари за изработка на скицата со која се пријавува магистерската теза. Некои од лицата посочија и дека во цената се вклучени и забелешките кои ќе се добијат од страна на менторот и членовите на комисијата, а други пак во цената вклучуваат и изработка на презентација за денот на одбраната на трудот.

Во однос на гаранциите за пишувањето на трудот, скоро сите нѐ уверуваа дека во бизнисот се веќе подолг период и дека имаат напишано голем број на трудови, меѓутоа конкретни податоци за тоа не можат да дадат, поради заштита на нивните клиенти. Некои од лицата нѐ уверуваа и дека трудовите ги пишуваат тимови на експерти од областа и дека досега никој не им се пожалил од нивната услуга.

Важно е да се напомене дека ваквите услуги се лесно достапни, со оглед на тоа што се нудат преку огласи кои се објавуваат на социјалните мрежи и на интернет страниците наменети за огласување. Секој кој е заинтересиран може да ја побара оваа услуга од лицата кои ја нудат, па во меѓусебните договори да ги прецизираат условите, цените и начинот на плаќање. Иако контакт информациите на овие лица се јавно достапни, сепак, надлежните институции досега не реагирале и не се обиделе да ги спречат или прекинат нивните активности.

# ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕКСПЕРИМЕНТОТ

Главната задача на експериментот применет во ова истражување е да се тестира софтверскиот систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови на Министерството за образование и наука. За таа цел, во системот беа внесени шест категории на различни документи во обем од околу три случајно издвоени страници. Тоа се:

1. документ со текст на македонски јазик кој е идентично преземен од некој универзитетски учебник на македонски јазик од Република Македонија,

Е – 1: Николоска, С., Методика на истражување на компјутерски криминалитет, Факултет за безбедност, Скопје, 2013

2. документ со текст на македонски јазик кој е идентично преземен од некој труд на македонски јазик од научно списание од Република Македонија,

Е – 2: Калајџиев, Г., Кој е кој во казненото правосудство во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 2014, стр. 71-79

3. документ со текст на англиски јазик кој е идентично преземен од некој странски универзитетски учебник на англиски јазик,

Е – 3: Aristotle, Politics, translated by Benjamin Jowett, Batoche Books, Kitchener, 1999

4. документ со текст на англиски јазик кој е идентично преземен од некој труд на англиски јазик од странско научно списание,

Е – 4: Victoroff, J., The Mind of Terrorist, A Review and Critique of Psychological Approaches, The Journal of Conflict Resolution, vol. 49, no. 1, February, 2005, pp. 3-42

5. документ со текст на албански јазик кој е идентично преземен од некој универзитетски учебник на албански јазик,

Е – 5: Krasniqi, K., Terrorizmi Ndërkombëtar, Botim i dytë, Prishtinë, 2010

6. документ со текст на албански јазик кој е идентично преземен од некој труд на албански јазик од научно списание,

Е – 6: Numani, E., Një vështrim i përgjithshëm rreth ecurisë së falimentimeve në Europë dhe Shqipëri, Balkan Journal of Interdisciplinary Research IIPCCL Publishing, Tirana-Albania, vol. 2, no. 2, September, 2016, pp. 103-111.

Експериментот беше спроведен на 05.04.2017 година, при што истовремено беа поставени првите 6 документи и по 1-3 минути системот креира извештаи.

| # | Извештај | Документ | Совпаѓање(%) | Датум на креирање | Во редица | Време на почеток | Време на завршување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Извештај за документ | Е - 6.doc | 1.16% | 05.04.2017 13:46 | 0 | 05.04.2017 13:46 | 05.04.2017 13:47 |
| 2 | Извештај за документ | Е - 5.doc | 14.68% | 05.04.2017 13:37 | 0 | 05.04.2017 13:38 | 05.04.2017 13:41 |
| 3 | Извештај за документ | Đ - 4.doc | 1.27% | 05.04.2017 13:34 | 0 | 05.04.2017 13:37 | 05.04.2017 13:38 |
| 4 | Извештај за документ | Đ - 3.doc | 2.8% | 05.04.2017 13:34 | 0 | 05.04.2017 13:34 | 05.04.2017 13:37 |
| 5 | Извештај за документ | Е - 2.doc | 4% | 05.04.2017 13:17 | 0 | 05.04.2017 13:24 | 05.04.2017 13:26 |
| 6 | Извештај за документ | Е - 1.doc | 15.93% | 05.04.2017 13:16 | 0 | 05.04.2017 13:22 | 05.04.2017 13:24 |

Во однос на првиот документ кој содржеше извадок од универзитетски учебник на македонски јазик од Република Македонија достапен во електронска форма и симнат од интернет, системот пронајде 15,93% совпаѓање. Преку добиениот извештај се констатира дека се пронајдени пет документи во кои има совпаѓање и тоа: една семинарска работа, еден специјалистички труд и три магистерски тези. Книгата од која е изваден текстот кој беше цел на проверка, воопшто не е прикажана во извештајот за совпаѓање, што значи дека таа воопшто не постои во системската база.

Во однос на вториот документ кој содржеше извадок од труд на македонски јазик од научно списание од Република Македонија достапен во електронска форма и симнат од интернет, системот пронајде 4% совпаѓање. Преку добиениот извештај се констатира дека се пронајдени пет документи во кои има совпаѓање и тоа: една семинарска работа, два идентични документи насловени како авторезимеа и две магистерски тези. Трудот, па ниту списанието од кое е

изваден текстот кој беше цел на проверка, воопшто не е прикажано во извештајот за совпаѓање, што значи дека тоа воопшто не постои во системската база.

Во однос на третиот документ кој содржеше извадок од странски универзитетски учебник на англиски јазик достапен во електронска форма и симнат од интернет, системот пронајде 2,8% совпаѓање. Преку добиениот извештај се констатира дека се пронајдени пет документи во кои има совпаѓање и тоа: две магистерски тези и три други документи за кои преку нивните наслови е нејасно за каков тип на документи се работи. Книгата од која е изваден текстот кој беше цел на проверка, воопшто не е прикажана во извештајот за совпаѓање, што значи дека таа воопшто не постои во системската база.

Во однос на четвртиот документ кој содржеше извадок од труд на англиски јазик од странско научно списание достапен во електронска форма и симнат од интернет, системот пронајде 1,27% совпаѓање. Преку добиениот извештај се констатира дека се пронајдени пет документи во кои има совпаѓање и тоа: три магистерски тези и два други документи за кои преку нивните наслови е нејасно за каков тип на документи се работи. Трудот, па ниту списанието од кое е изваден текстот кој беше цел на проверка, воопшто не е прикажано во извештајот за совпаѓање, што значи дека тоа воопшто не постои во системската база.

Во однос на петтиот документ кој содржеше извадок од универзитетски учебник на албански јазик достапен во електронска форма и симнат од интернет, системот пронајде 14,68% совпаѓање. Преку добиениот извештај се констатира дека се пронајдени пет документи во кои има совпаѓање и тоа: една дипломска работа и четири други документи за кои преку нивните наслови е нејасно за каков тип на документи се работи. Книгата од која е изваден текстот кој беше цел на проверка, воопшто не е прикажана во извештајот за совпаѓање, што значи дека таа воопшто не постои во системската база.

Во однос на шестиот документ кој содржеше извадок од труд на албански јазик од научно списание достапен во електронска форма и симнат од интернет, системот пронајде 1,16% совпаѓање. Преку добиениот извештај се констатира дека се пронајдени пет документи во кои има совпаѓање и тоа: две дипломски работи, една магистерска теза и два други документи за кои преку нивните наслови е нејасно за

каков тип на документи се работи. Трудот, па ниту списанието од кое е изваден текстот кој беше цел на проверка, воопшто не е прикажано во извештајот за совпаѓање, што значи дека тоа воопшто не постои во системската база.

Спроведениот експеримент јасно и недвосмислено укажува на нефункционалноста на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови, од причина што не успеа да детектира плагијаризам во документи кои целосно се издвоени од веќе постоечки и објавени трудови. Врз основа на претходно добиените резултати, тоа значи дека универзитетскиот кадар не смее да ги прифати со целосна точност резултатите од анализата на овој софтвер при прегледувањето на студентските писмени задачи, трудови и активности.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Според анализираните дефиниции и појмовни определувања на плагијаторството или плагијаризмот, може да се констатира дека во наједноставна форма тоа претставува кражба на туѓи авторски дела, идеи, ставови, мислења и сл. и прикажување како свои. Тоа може да се манифестира преку различни начини кои може да се констатираат од резултатите добиени од спроведената анкета. Па така, според испитаниците од анкетата на прво место е преземањето (копирањето) на реченици/пасуси, напишани од други автори без нивно цитирање; на второ место е купување на академски трудови; на трето место е парафразирање на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање; и на четврто место е преземање на туѓа идеја и претставување како своја. Притоа, голем број од нив најчесто парафразирале реченици/пасуси напишани од други автори без да го цитираат изворот, во помала мера преземале (копирале) реченици/пасуси напишани од други автори без да го цитираат изворот, а помал број од нив преземале туѓа идеја и ја претставиле како своја или купиле академски трудови.

Најчестите три причини за практикување на плагијаторството меѓу студентите според испитаниците се: мрзеливост, слаби академски вештини и изговорот дека сите тоа го прават. Останатите причини по редослед се: недоволното разбирање на плагијаторството, несоодветни критериуми за прием на факултет, проблеми со наставата/учењето, немање доволно време за пишување на студентските задачи, непостоење на друг начин како да се заврши студентската задача, трошоци за образование, притисоци, гордост при плагијаторство и други причини.

Многу мал број од испитаниците (6,9%) купиле труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој им бил потребен во текот на студирањето, при што тоа го направиле поради немање доволно време за пишување на студентските задачи, притискање на роковите, мрзеливост, распространетост, негрижа на академскиот кадар дали писмената задача е плагијат или не, нечувствување на страв доколку го направат тоа, немање на друг начин или незнаење како да се напише писмената задача и проблеми со наставата/учењето. Од друга страна, над половина од испитаниците познаваат некој пријател кој купил труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој му бил потребен во текот на студирањето. Меѓутоа, позитивно е што најголем број од испитаниците се изјасниле дека не планираат во иднина да купат труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој ќе им биде потребен во текот на студирањето, што, секако, не би требало да се прифати со целосна доверба.

Во однос на нормативно-правната уреденост и инкриминираноста на појавата на плагијаризмот во македонското позитивно законодавство, може да се констатира дека тој е доволно добро регулиран, меѓутоа, проблемот се појавува во откривањето и пријавувањето на случаите пред надлежните институции на правниот систем на државата.

Постоењето на системот за проверка на плагијати во Република Македонија, кој е новина од 2012 година, за голем број универзитетски професори и за надлежните лица од Министерството за образование и наука е олеснување на работата, затоа што сега постои некаква контрола над плагијатите. Тој е алатка која помага во откривање на плагијаторството од базата на трудови која ја поседува овој систем, но притоа не може со 100 % сигурност да се утврди дали некој документ е плагијат или не. Одлуката дали одреден труд е плагијат е задача на менторите и членовите на комисиите. Преку спроведениот експеримент во рамките на истражувањето се покажа дека книгите и трудовите од кои беа извадени текстовите кои беа цел на проверка, воопшто не беа прикажани во извештајот за совпаѓање, што значи дека тие книги и трудови воопшто не постојат во системската база, иако истите се јавно достапни на интернет. Овој систем е премногу ограничен само на неговата системска база, која очигледно поседува сиромашен фонд на трудови и книги, а од друга страна е механички, бидејќи препознава повторувања на зборови, но не и на

цели делови или пасуси. Тоа значи дека системот има сериозни недостатоци и пропусти поради кои воопшто не можеме да го третираме овој софтвер како релевантен метод за проверка на плагијатите.

Тука треба да се укаже и дека плагијаторите не се единствениот виновник во овој проблем. Значаен дел од одговорноста сносат и професорите-ментори. Кај еден дел од нив постои замор од работата што ја работат, па затоа и не ги читаат трудовите толку внимателно, ги проценуваат многу површно и затоа им се провлекуваат помалку квалитетни трудови. Кај друг дел од професорите, пак, причината е мрзеливост. Дополнителна причина е и тоа што некои од нив не располагаат со доволно технички знаења и не користат интернет и електронски формати на литература, па одредени делови во трудовите кои се препишани од интернет, поминуваат релативно незабележани кај овие професори.

# ПРЕПОРАКИ

Препораки до Министерството за образование и наука во однос на системот за проверка на плагијати во трудови:

- Потребно е постојано софтверско усовршување на системот за проверка на плагијати во трудови, за да може полесно и побрзо да ги препознава препишаните реченици и пасуси;
- Базата на системот за проверка на плагијати во трудови треба постојано да се полни со литература за да се олесни процесот на препознавање на целосно копираните реченици, пасуси и текстови;
- Професорите не треба секогаш да се потпираат на системот за проверка на плагијати во трудови бидејќи тој открива само идентично преземени групи на зборови, но не и парафразирани реченици, ниту преведени реченици од други јазици;
- Потребно е формирање јавна база на сите одбранети магистерски и докторски дисертации од високообразовните институции во државава. Таа би била јавно објавена на официјална интернет-страница и на тој начин ќе се овозможи побрза и подетална проверка на оригиналноста на текстовите, што ќе придонесе за намалување на плагијатите;
- Значајна превентивна мерка би била и создавањето на „ѕид на академскиот срам“ во рамките на системот за проверка на плагијати во трудови, на кој би биле јавно обелоденети трудовите во кои биле откриени разни форми на плагијати.

Препораки за високообразовните институции:

- Секоја високообразовна институција треба да има правилник според кој точно ќе бидат дефинирани критериумите и етичките стандарди за изработка на трудот (семинарска работа, дипломски, специјалистички, магистерски труд, докторска дисертација,...) и во него да бидат дефинирани начините за преземање на цитати и наведување на нивниот извор;
- Воведување на наставни предмети уште во текот на првата година на студии и задолжителни работилници во текот на следните семестри од нивното студирање преку кои студентите би се запознале со етичките стандарди при пишувањето на нивните писмени задачи, појавата на плагијаризмот, нејзината штетност и последиците кои може да произлезат од неа;
- Континуирани заложби, укажувања, предупредувања и потсетувања на наставно-соработничкиот кадар во рамките на секој предмет до студентите за значењето на примената и почитувањето на етичките стандарди во однос на правилното референцирање при пишувањето на студентските писмени задачи;
- Зголемена внимателност кај професорите при менторирање на студентите при пишувањето на нивните писмени задачи;
- Формирање на Национална комисија за етички стандарди во високото образование пред која ќе се поведуваат постапки и ќе се изрекуваат соодветни санкции кон професорите-ментори кои не откриле плагијат во трудот на кандидатот кој го менторирале, а за кој во одредена фаза од постапката се покажало дека е плагијат;
- Водење пошироки дебати околу професионалната, етичката и моралната одговорност на професорите-ментори, но и членовите на комисиите за оценка и одбрана на трудовите во текот на сите фази од студирањето.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## Домашни извори:

Германскиот министер Гутенберг се откажа од докторската титула, 22.02.2011, преземено од http://www.slobodnaevropa.mk/a/2316797.html [пристапено на 07.11.2016]

- Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, Сторители на кривични дела во 2013...2015, Скопје, јули 2014...2016

- Емисија КОД, 06.10.2013, преземено од https://www.youtube.com/watch?v=LLxi8ylRhXc

Како против „препишување" научни трудови?, 11.07.2011, преземено од http://www.slobodnaevropa.mk/a/24262334.html [пристапено на 07.11.2016]

Котевски, Н., Компјутерот открива плагијати, институциите молчат, 01.11.2015, преземено од http://www.utrinski.mk/?ItemID=2F5BF8BAE26031498FA56C8B98B62DC5 [пристапено на 15.03.2017]

МОН промовираше систем за откривање плагијати, 09.03.2012, преземено од http://vlada.mk/node/2181 [пристапено на 07.11.2016]

Науман, Н., Тосев, Т., Ловците на плагијати открија – и Шацимаркакис препишал докторска!?, 16.05.2011, преземено од http://p.dw.com/p/11HEN [пристапено на 20.02.2017]

Оставка на унгарскиот претседател поради фалсификуван докторат, 02.04.2012, преземено од http://dw.com/p/14WTr [пристапено на 09.11.2016]

Уште еден германски министер со плагиран докторат, 07.02.2013**, преземено од** http://republika.mk/17263 [пристапено на 20.02.2017]

## Странски извори:


- Devlin, M., Gray, K. (2007) In their own words: A qualitative study of the reasons Australian university student plagiarize. ***Higher Education Research and Development*** 26(2), pp. 181-198
- Schiermeier, Q., Romanian prime minister accused of plagiarism, 18.06.2012, преземено од http://www.nature.com/news/romanian-prime-minister-accused-of-plagiarism-1.10845 [пристапено на 20.03.2017]
- Valpy, Francis Edward Jackson (2005) ***Etymological Dictionary of the Latin Language***, London: Adamant Media Corporation. p. 345


## Правни прописи:


Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, преземено од https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=134&glavno=32

- Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/2010, 140/2010, 51/2011, 147/2013, 154/2015, 27/2016)
- Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 53/2016)
- Кривичен законик на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 04/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 07/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011 – две измени и дополнувања, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013 и Одлуки на УСРМ бр. 220/2000, 210/2001, 206/2003, 228/2005

Статут на МИТ Универзитет – Скопје (пречистен текст), Скопје, 16.06.2015, преземено од http://mit.edu.mk/mk/Home/Statute


## Интернет извори:


http://www.makedonski.info

http://www.plagijati.mon.gov.mk



# – ПРИЛОЗИ –

# ONLINE АНКЕТА

Почитувани,

Во рамките на Школата за јавни политики „Мајка Тереза“ во организација на Центарот за истражување и креирање на политики и Советот на Европа се спроведува истражување на тема: „ПЛАГИЈАРИЗМОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ од страна на истражувачкиот тим во состав: д-р Кире Бабаноски, м-р Катерина Климоска, м-р Даниел Ѓоќески и Билјана Дуковска.

Се обраќаме до Вас и Ве молиме внимателно да го прочитате секое прашање и да одговорите целосно и искрено, заради обезбедување на податоци и информации за аргументирање на предметот на интерес во истражувањето.

Свесни сме дека учеството во ова истражување бара и време и напор, но без Ваша соработка и помош тоа не би се реализирало.

Анкетата е анонимна и добиените сознанија ќе се користат исклучиво за научни цели и ќе бидат во функција на образложување на поставените хипотези во истражувањето.

Благодариме за соработката

**1. Пол:**

1) машки
2) женски

**2. Возраст – години:**

1) 18
2) 19
3) 20

4) 21
5) 22
6) 23
7) 24
8) 25 и повеќе

**3. Дали во моментов сте студент и ако да на кој степен на образование студирате?**

1) Прв циклус
2) Втор циклус
3) Трет циклус
4) Не студирам моментално

**4. На кој од следниве универзитети сте студирале или студирате моментално?**

1) Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
2) Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
3) Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
4) Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид
5) Државен тетовски универзитет – Тетово
6) Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје
7) Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово
8) Прв приватен Европски Универзитет Република Македонија
9) Прв приватен ФОН Универзитет – Скопје
10) Приватна високообразовна установа Универзитет Њујорк Скопје
11) Универзитет Американ колеџ – Скопје
12) МИТ Универзитет – Скопје
13) Меѓународен Славјански Универзитет Свети Николе
14) Универзитет за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк

15) Универзитет за туризам и менаџмент Скопје
16) Факултет за бизнис економија Скопје
17) Приватна самостојна висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски - БАС“ во Скопје
18) Меѓународен Балкански универзитет Скопје
19) Висока стручна школа „Академија Италијана“ Скопје
20) Висока професионална установа за бизнис студии Евро колеџ Куманово
21) Факултет за деловни студии во Скопје
22) Институт за општествени науки „Евро Балкан“ Скопје
23) Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје
24) Меѓународен универзитет Визион – Гостивар
25) Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје
26) Друг ______________________________

**5. Дали студирате или сте студирале по ЕКТС?**

1) Да
2) Не
3) Не знам

**6. Дали знаете што е плагијаризам?**

1) Да
2) Делумно знам
3) Не

**7. Доколку знаете, Ве молиме опишете што претставува за Вас плагијаризмот.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**8. Дали ги познавате етичките стандарди при пишувањето на писмени активности?**

1) Да
2) Делумно ги познавам
3) Не

**9. Дали по некој предмет во текот на Вашето студирање сте учеле за плагијаризмот и етичките стандарди при пишувањето на писмени задачи?**

1) Да
2) Не
3) Не знам

**9.1. Доколку одговоривте со ДА, Ве молиме наведете го предметот/тите:**

________________________________________

________________________________________

**10. Ве молиме дадете оценка на следниве ставови.**

1 - воопшто не се согласувам
2 - делумно не се согласувам
3 - немам мислење
4 - делумно се согласувам
5 - целосно се согласувам

1) Свесен/на сум дека цитирањето е неопходно потребно во моите писмени задачи.
2) Мислам дека универзитетите мора да преземат мерки против плагијаризмот.
3) Никогаш нема да побарам или да платам некој да ми напише труд (писмена задача) за мене.

4) Јас можам успешно да го избегнам плагијаризмот.
5) Јас знам како да не направам плагијат.
6) Никогаш досега не сум се користел со плагијаризам при пишувањето на моите писмени задачи.
7) Понекогаш ми е тешко да ги пронајдам вистинските зборови за да ги парафразирам туѓите идеи.
8) Лесно е да се избегне плагијаризмот.
9) На некои професори/асистенти не им е важно дали применувам плагијаризам или не.
10) Имам копирано реченици од интернет во моите писмени задачи.
11) Плагијаризмот е во ред да се користи доколку не те откријат.

**11. Дали сте направиле плагијат?**

1) Да, постојано
2) Да, често
3) Да, понекогаш
4) Не, никогаш

**12. Кој вид на плагијаторство сметате дека е најзастапен?**

1) преземање на туѓа идеја и претставување како своја,
2) преземање (копирање) на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање,
3) парафразирање на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање,
4) купување на академски трудови,
5) нешто друго, што?________________________

**13. Која од овие работи вие ја имате направено?**

*(заокружете ги сите опции кои се однесуваат на вас)*

1) преземање на туѓа идеја и претставување како своја,
2) преземање (копирање) на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање,

3) парафразирање на реченици/пасуси напишани од други автори без нивно цитирање,
4) купување на академски трудови,
5) нешто друго, што?________________________

**14. Кои се најчестите причини за постоење на плагијаторство кај студентите?**

*(може да се заокружат најмногу 3 опции)*

1) несоодветни критериуми за прием на факултет,
2) недоволно разбирање на плагијаторството,
3) слаби академски вештини,
4) проблеми со наставата/учењето,
5) мрзеливост,
6) немање доволно време за пишување на студентските задачи,
7) непостоење на друг начин како да се заврши студентската задача,
8) гордост при плагијаторство,
9) изговор дека сите тоа го прават,
10) притисоци,
11) трошоци за образование,
12) нешто друго, што?________________________

**15. Дали сте купиле труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој Ви бил потребен во текот на студирањето?**

1) Да
2) Не

**16. Доколку сте купиле труд, кои се причините поради кои сте го направиле тоа?**

*(може да се заокружат најмногу 3 опции)*

1) не е страшно ако купам писмена задача (семинарска работа, есеј...),

2) не знам како да напишам писмена задача (семинарска работа, есеј...),
3) проблеми со наставата/учењето,
4) ме мрзи,
5) немам доволно време за пишување на студентските задачи,
6) не знам друг начин како да ја завршам студентската задача,
7) на професорот/асистентот не му е грижа дали мојата студентска задача е плагијат или не,
8) сите тоа го прават,
9) ме притискаат роковите,
10) нешто друго, што?________________________

**17. Дали познавате некој пријател кој купил труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој му била потребен во текот на студирањето?**

1) Да
2) Не

**18. Дали планирате во иднина да купите труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа,...) кој Ви е потребен во текот на студирањето?**

1) Да
2) Не
3) Не знам

**19. Дали знаете дека постои електронски систем за проверка на плагијати создаден од Министерството за образование и наука?**

1) Да
2) Не

**20. Дали знаете дека на Вашиот факултет/универзитет постои правилник со предвидени санкции во случај на користење на плагијаторство?**

1) Да
2) Не

**21. Дали Ваш труд (семинарска работа, есеј, дипломска работа, специјалистички труд, магистерски труд, докторски труд...) подлежел на проверка за плагијаторство?**

1) Да
2) Не
3) Не знам

Благодариме за соработката

# ИНТЕРВЈУ со наставен и соработнички кадар

Почитувани,

Целта на ова интервју е да се добијат сознанија за начинот и постапката за проверка на плагијати од страна на наставникот и соработничкиот кадар на универзитетите во Република Македонија. Информациите од истото ќе се користат исклучиво за истражувањето на тема: „ПЛАГИЈАРИЗМОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ од страна на истражувачкиот тим во состав: д-р Кире Бабаноски, м-р Катерина Климоска, м-р Даниел Ѓоќески и Билјана Дуковска во рамките на Школата за јавни политики „Мајка Тереза“ во организација на Центарот за истражување и креирање на политики и Советот на Европа. Предвидено е да се интервјуираат по тројца претставници од академскиот кадар од универзитетите опфатени со ова истражување.

1. **Колку според Вас се почитуваат етичките стандарди при пишувањето на писмените задачи?**

2. **Дали студентите поседуваат доволно теоретско и техничко познавање од областа на референцирање и пишување на писмени задачи?**

3. **Дали универзитетите овозможуваат студентите да се стекнат со такви познавања на почетокот од студиите?**

4. **Кои се најголемите предизвици според Вас за намалување на плагијаризмот во високото образование?**

5. **Дали сте откриле случаи на плагијаризам и доколку да како сте постапиле?**

6. **Дали во случај на плагијаризам Вие или Вашата институција постапила согласно етичките стандарди и македонското законодавство?**

7. **Дали според Вас се доволни предвидените казнени мерки и дали истите се применуваат? Доколку не, кои се според Вас клучните причини за тоа?**

8. **Дали сте биле ментор на магистерски и/или докторски труд?**

9. **Дали ги внесувате магистерските/докторските трудови во базата за магистерски/докторски трудови?**

Благодариме за соработката

# - АВТОРИТЕ -

## д-р Кире Бабаноски



Образование: Дипломиран криминалист

Магистер на науки од областа на криминалистиката и криминологијата

Доктор на науки од областа на безбедноста

Работна позиција: Доцент на Факултетот за безбедносни науки,

МИТ Универзитет – Скопје

## м-р Катерина Климоска



Образование: Дипломиран економист

Магистер по правни науки

Работна позиција: Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## м-р Даниел Ѓоќески



Образование: Дипломиран политиколог, УКИМ
Магистер по политички менаџмент, УКИМ
Магистер по јавни политики, University College London

Работна позиција: Асистент при Одделение за поддршка на пратенички групи на Собранието на Република Македонија

## Билјана Дуковска



Образование: Дипломиран економист за регионален и локален бизнис развој Магистрант на општествен развој

Работна позиција: Претседателка на Македонска платформа против сиромаштија

Истражувањето е реализирано во рамките на Школата за јавни политики „Мајка Тереза" во организација на Центарот за истражување и креирање на политики и Советот на Европа од страна на истражувачкиот тим во состав: д-р Кире Бабаноски, м-р Катерина Климоска, м-р Даниел Ѓоќески и Билјана Дуковска – учесници на седмата генерација учесници во академската 2016/2017 година.

CRPM Center for Research and Policy Making

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE